ФЗОРСМ
FSSHRMV

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

Број: ______________
18-12-2023 .2023 година
С к о п ј е

**УПАТСТВО**
**ЗА НАЧИНОТ НА ПРИМЕНА НА ОБРАЗЕЦОТ ЛУ1- П**

Ова Упатство влегува во сила со денот на донесување.

Изготвил: д-р Даниела Каркински
д-р Јасминка Трајкоска Спасовска
д-р Ана Митевска
д-р Силвана Андов
Согласен:дипл.екк. Самир Незири
(по овластување со арх.бр. 04-6964/1 од 10.05.2023 год.)
Одобрил: Директор на сектор контрола дипл.екк. Цвете Серафимоски

**ДИРЕКТОР,**
**М-р Магдалена Филиповска Грашкоска**

**В. Д. ДИРЕКТОР/ U.D. DREJTORI,**
**Dr. Asaf Abduramani**

Доставено до :
Архива на ФЗОРСМ
Лекарска комора на Македонија
Здружение на приватни лекари на Македонија
Лаборатории
Сектор за контрола
Раководители на подрачни служби на ФЗОРСМ
Одделение за внатрешна контрола во ФЗОРСМ
Одделение за внатрешна ревизија во ФЗОРСМ
Секторски директори
Советници на Директори

**1. Вовед**

Согласно Законот за здравствено осигурување, Законот за здравствена заштита и Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување избраниот лекар по општа медицина издава упат на пропишан образец ЛУ1 – п за биохемиски лабораториски услуги во согласност со стручните упатства за примарна здравствена заштита објавени во Службен весник 170/23.

**2. Намена и цел**

Со ова Упатство се објаснува начинот на издавање на образецот Л 1 - п од страна на избраниот лекар од дејноста општа медицина и изработување на анализите од страна на лаборатории.

Избраниот лекар од дејноста општа медицина издава упат на пропишан образец ЛУ1-п за биохемиски лабораториски услуги во согласност со стручните упатства за примарната здравствена заштита. Биохемиските лабораториски испитувања содржани во ЛУ1-п упатот може да ги врши само дијагностичка лабораторија каде носител на дејност е лекар - специјалист по медицинска биохемија или фармацевт - слецијалист по медицинска биохемија и треба да имаат одобрение од МЗ, односно во Решението од МЗ во листата на услуги да ги има и услугите од ЛУ1-п.

**3. Примена на упатството**

Упатството се применува во здравствените установи од примарна здравствена заштита од дејноста општа медицина и во дијагностичките лаборатории каде носител на дејност е лекар - специјалист по медицинска биохемија или фармацевт - слецијалист по медицинска биохемија и од страна на ФЗОРСМ.

**4. Содржина на Образецот ЛУ1-п**

Образецот ЛУ1-п ги содржи следниве биохемиски анализи:

- Глуциден статус:

OGTT (орален гликоза толеранс тест)
HbA1C (гликозилиран хемоглобин)

- Липиден статус

ХДЛ холестерол
ЛДЛ Холестерол

- Деградациони продукти

Мочна киселина во серум

- Електролитен статус

Натриум
Калиум

- Хормонски статус

TSH (тиреостимулирачки хормон)
FT4 (тироксин)

- Протеински статус

Протеинурија

**5. Тек на активности**

Избраниот лекар од дејноста општа медицина при упатување на осигурените лица за биохемиски лабораториски услуги содржани во образецот ЛУ1-п постапува во согласност со стручните упатства за примарната здравствена заштита.

- Согласно со „Упатставото за практикување на медицина заснована на докази за водење на артериска хипертензија на ниво на примарна здравствена заштита" за дијагнозата Хипертензија од страна на избраниот лекар од дејноста општа медицина осигурените лица се упатуваат со образецот ЛУ1-п за следниве биохемиски анализи: ХДЛ холестерол, ЛДЛ Холестерол, Мочна киселина во серум, Натриум и Калиум.

- Согласно со „Упатството за практикување на медицина заснована на докази за превенција, дијагноза и водење предијабетес, дијабетес мелитус тип 2, во здравствените установи од областа на општа/семејна медицина" за дијагнозата Дијабетес мелитус тип 1 и за дијагнозата Дијабетес мелитус тип 2 од страна на избраниот лекар од дејноста општа медицина осигурените лица се упатуваат со образецот ЛУ1-п за следниве биохемиските анализи: OGTT (орален гликоза толеранс тест), HbA1C (гликозилиран хемоглобин), ХДЛ холестерол, ЛДЛ Холестерол и Протеинурија. За дијагнозата Дијабетес мелитус тип 1 осигурените лица се упатуваат со образецот ЛУ1-п и за анализата TSH (тиреостимулирачки хормон).

- Согласно со „Упатството за практикување на медицина заснована на докази за дијагноза и водење на хипотиреоза на ниво на примарна здравствена заштита" за дијагнозата Хипотиреоза од страна на избраниот лекар од дејноста општа медицина осигурените лица се упатуваат со образецот ЛУ1-п за следниве биохемиски анализи: TSH (тиреостимулирачки хормон) и FT4 (тироксин).


Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

**6. Референтни документи**

Закон за здравствено осигурување,

Закон за здравствена заштита,

Правилник за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување,

Упатставото за практикување на медицина заснована на докази за водење на артериска хипертензија на ниво на примарна здравствена заштита,

Упатството за практикување на медицина заснована на докази за превенција, дијагноза и водење предијабетес, дијабетес мелитус тип 2, во здравствените установи од областа на општа/семејна медицина,

Упатството за практикување на медицина заснована на докази за дијагноза и водење на хипотиреоза на ниво на примарна здравствена заштита.


Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk